Меморандум за разбирање
меѓу Министерството за транспорт и врски на Република Северана Македонија и Министерството за инфраструктура и транспорт, на Република Грција за развој на „Солун-Скопје-Табановце“ патна и железничка врска
(„Патен и железнички транс-граничен Прокет“)

Меморандумот за разбирање со својата содржина на текстот ја изразува добрата волја на двете Министерства за развој на патната и железничката врска од Солун, Скопје, преку граничниот премин Табановце со можност за идно проширување кон Белград и Будимпешта, што претставува заеднички и меѓународен интерес со значително стратешко и економски заначење на граѓаните и економиите на двете Држави, а со тоа и вклучување на патната и железничката врска во Транс-Европската транспортна мрежа.

Правниот основ за овој пристап се црпи од Договорот за основање на транспортната заедница" и Анекс III "Индикативни карти на ТЕМ-Т проширен на специфични трети земји", поточно од Регулативата (ЕУ) 1315/13 на Европскиот парламент и на Советот од 11 декември 2013 година за насоките на Унијата за развој на трансевропската транспортна мрежа и за укинување на Одлуката бр. 661/2010 / ЕУ (Текст од значење за ЕЕО).

Целата на Меморандумот е двете Министерства да развијат еден заеднички Проект наловен како „Патен и железнички Проект (ПЖП)“, што ќе опфати подготвителни работи, понатамошна имплементација и целокупно управување со проектот, и кој би претставувал дел од Трансевропската мрежа.

Овој заеднички Прокет ќе биде стратешки патен и железнички мулти - модален проект кој има за цел развој на одржлив: а) автопат со две ленти плус итна лента по правец и б) двоколосечен, електрифициран железнички коридор опремен со современ Европскиот систем за управување со железничкиот сообраќај (ERTMS), кој ќе овозможи поврзување на Солун со Скопје и Табановце.

Овој Проект во подоцнежна фаза, може да биде доделен на заедничко Претпријатие „Патен и железнички Проект“ регистрирано во една од двете Држави. Воспоставувањето на таква структура, како и на неговата форма ќе биде резултат на конкретни прелиминарни студии. За реализација на овој Проект, во овој момент се предлага формирање на заедничка Работна група на експерти.

Задачата на работната група ќе биде да:

- изготви и достави Работен / Акционен план за развој на проектот.

- Да ги проучи сите аспекти, вклучувајќи ја и правната и економската перспектива, на формата на заедничкото Претпријатие „ПЖП“ за развој, функционирање и управување со Проектот,

• Да ги презентираат основните технички карактеристики на проектот  и проценка на вкупните трошоци;

• Да се испитаат можностите за заедничко финансирање, вклучувајќи финансирање од Европската Унија, други меѓународни финансиски институции, приватниот сектор и други извори на финансирање.

• Споделување и размена на сите релевантни информации во врска со Проектот и сродни активности на двете Држави.

• Откако Работната група ќе го идентификува опфатот на заедничкото Претпријатие, ќе предложи финансиски обврски за двете Држави и можности за привлекување на приватни инвеститори и / или да се обезбедат Европска или друга финансиска поддршка.

Во секој случај, конечните одлуки за сите прашања ќе бидат донесени од Министрите за транспорт на двете Држави.

Работната група ќе биде назначена од страна на Министрите за транспорт на двете Држави, најкасо до 15 мај 2019 година

Работната група ќе се состанува најмалку три пати годишно на експертско ниво за да работи на напредокот во спроведувањето на Проектот.  До крајот на мај 2019 година, Работната група треба да го има првиот состанок. Работната група ќе усогласи и распоред на годишните состаноци и акциониот план врз основа на проценката на потребите што ги спроведуваат членовите на работната група.

Состаноците ќе бидат организирани во една од двете земји на ротација основа. Можно е да се разгледа можноста да се користат и други меѓународни формати за да се организира страничен состанок на Работната група.

Работната група ќе се состои од членови на тимот од двете Држави. Членовите ќе бидат назначени од Министрите за транспорт. Членовите на работната група треба да имаат соодветен професионален капацитет и експертиза во областите како што се управување со проекти, европско и меѓународно право, управување со инженерството и со финансирањето. Во работата на работната група можат да бидат членови и надворешни експерти / советници.

Трошоците за надоместоците на експертите/советниците, надворешните членови како и трошоците за патување, дневница и сместување ќе бидат обезбедени од Државата која ги назначила. Членовите на Работната група ќе ја почитуваат доверливоста на сите постапки.

Одредбите од Меморандум за разбирање може да се менуваат и дополнуваат во писмена форма меѓу двете Држави и истиот влезе во сила од денот на потпишувањето.

Овој Меморандум беше потпишан во два примерока на англиски јазик.